Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, септември 2015 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година и број 01-7191/12 од 16.07.2015 година и тоа:

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во делот Орган во состав, Управа за имотно правни работи, во точка 3.Сектор за управна постапка, Подрачни одделенија за првостепена управна постапка, во Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Куманово, во работното место со реден број „568. Умножувач (фотокопирант)", во делот Број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „3".

### Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 7191/14

23-09-2015 година

СКОПЈЕ

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Изработил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ
Согласен: Игор Димитров